СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

Групацијата на агенции за недвижности
25.6.2012 година

Залагање за донесување на Закон за посредување во промет со недвижности

Групација на агенции на недвижности при Стопанската комора на Македонија, се залага за регулирање на пазарот на недвижности, каде голем придонес треба да дадат и самите агенции преку зајакнување на угледот на посредничката дејност односно на сите учесници во прометот на недвижности.

Според податоците од Дражавниот завод за статистика, со посредување во прометот на недвижности во Македонија се занимаваат околу 450 правни субјекти со околу 1.130 вработени, а сигурно ги има и голем дел кои работат од дома, нерегистрирани, посебно во посредување при продажба на станови.

Затоа, неопходен е закон, со кој ќе се регулираат условите за вршење на дејноста - посредување во прометот со недвижности, склучување договори за посредување во прометот со недвижности, општите услови на посредување, правата и обврските на посредникот, односно агенцијата за посредување во прометот на недвижност, на агентите за недвижности, професионални испити за агентите и контрола и административни мерки за ефикасноста во недвижностите. Ова го истакна денес, г-ѓа Лилјана Ковачева, претседател на Групацијата на агенциите за недвижности.

Групацијата, донесувањето на оваа законска регулатива го предложи и пред Регулаторната гилотиња, во третата и четвртата фаза, но за жал досега нема повратни информации околу донесување на ваков законски проект.

За таа цел, одлучија и е во подготовка текст на Закон за посредување во промет со недвижности, во кој се вградуваат искуствата од Европа, Канада и Америка од работењето во оваа дејност, но сепак земајќи ја во предвид и доамшната легистратива.

Членовите на Групацијата свесни за својата должност, дека учесници во прометот на недвижности мораат да го вршат своето работење професионално и стручно, трудољубиво, чесно и на начин што предизвикува доверба, како и да се грижат за исполнувањето на тие начела и за почитување на дисциплината во сопствените редови, подготви и усвоен Етички кодекс на посредниците со промет на недвижности.

Исто така, паралелно се работи во изготвување на унифицирани документи, каде се сублимираат сите досегашни искуства во посредувањето со прометот на недвижности при што се вградуваат во договорите за посредување при купопродажба на недвижен имот меѓу потенцијалнните купувачи, продавачи на недвижен имот и посредниците односно агенциите за недвижности. Со ваков пристап се оценува дека ќе се создадат услови за издигнување на професијата агент за промет се недвижности на повисоко професионално ниво, а паралелно ќе помогне и за агенциите кои отпочнуваат да работат.